Кожинковска Зора

# СЕЗНАЈКО
## ВО ИГРОТЕКА



Кожинковска Зора

# СЕЗНАЈКО ВО ИГРОТЕКА





*Со посвета*
*на моите славеници,*
*во игротеката Бамби*
*моја стална инспирација...*

Посакуваш драго дете
да дознаеш од кај идам
колку земји пропатував
за со тебе да си бидам.

Во книгава моја мала
одма редум ќе ти кажам
кој сум, чиј сум, од кај идам
верувај ми, не те лажам.

Во книгава лага нема
читај редум, читај гласно
а до крајот штом ќе дојдеш
ќе ти биде ко ден јасно.

Приказната започнува
со злобната лоша вила
со татко ми кралот славен
и мајка ми самовила.

За нив многу се зборува
кажуваат се и сешто,
но јас точно ќе испеам
во стихови многу вешто.

Отвори си страна друга
читај редум дете мило
да почниме од почеток
да дознаеш како било.

=навистина така беше=



Во земјата Намќорија
во дворецот прекрасен, мал
во главниот град Немтура
живееше малиот крал.

Владеел тој во земјата
во која немало смеа
сите што биле весели
со закон казнети беа.

А смеата ја снемало
за честа на нивниот крал
кој се што ќе најдел јадел,
па сепак останувал мал.

Пред многу години, велат
кога си бил дете мало
на самовилата злобна
вечерата и ја украло.

Тогаш таа го проколна
цел живот да биде мал,
па да му се смее секој
штом го види џуџе а крал.



Оттогаш остана толкав
каков што тогаш си беше
кога му порасна брада
изгледал уште посмешен.

Но, кралот си е сепак крал,
па кога си стапил на власт
наредба строга тој издал
да не чуе за него глас.

И така во Намќорија
смеата сосем ја снема,
но за земјите од страна
стана интересна тема.

Соседната Веселија
земја на радост била
во главниот град, Кикота
живееше добра вила.

Кога ја дослуша веста
за кралот и паднало жал
по секоја цена реши
да го излечи кралот мал.



Спремаше таа чаеви
напивки од треви разни,
но напорите нејзини
останаа сосем празни.

Секој ден добрата вила
плачела и тажна била,
не знаеше што да прави
немаше повеќе сила.

Смејко, нејзиниот татко
кога виде колку пати
да дојди кај него веднаш
по слугата абер и прати.

В преграб ја зеде, се смее
и дошепна совет важен
"Човекот се ќе победи
само ако не е тажен.,,

Смеењето многу важи,
најдобриот тоа е лек
ќе победиш со смеење
секакво зло на овој свет.

= И вистина така беше=



Подучена од татка си
вилата тргна на пат
во кралството Намќорија
пристигна за некој саат.

Во дворецот стигна таа
в одаи кај кралот влезе
па да не им пречи никој
на вратата стави резе.

И почна добрата вила
да се смее силно со лес,
а кралот навреден многу
се налути, го фати бес.

И нареди да престане
зошто забраната трае,
но таа продолжуваше
не сака ништо да знае.

Но кога и кралот сфати
колку е смешен - ваков лут
почна слатко да се смее
изигрувајки дворски шут.



И долго вистинска смеа
се лее од нивните души
почна кралот да расти
магијата вмиг се сруши.

=И вистина така беше=

И израсна кралот во момче
стројно, со висока става
низ смеа кралот се чуди
се гледа, клима со глава.

И кога разбра за лекот
наредба издаде јасна
насекаде низ кралството
да се ори смеа гласна.

И секој да биде среќен
со смеење да се буди
секој штом тажен го видат
по закон ќе му се суди.

Кралот се ожени веднаш
за добрата самовила
свадбата траела долго
најголема свадба била.



Штом разбра лошата вила
посака гостин да биде
го виде кралот и врисна
пред неа убавец виде.

Кралот израснат во момче
со прекрасна става, снажно
го гледа и не верува
момчето ќе да е лажно.

Но штом гласот му го слушна
в срце сети јад и тага
магијата се срушила
тој е кралот - нема лага.

Ја виде и кралицата
како милно му се смее
од бес силен, злобна вила
почна солзи да си лее.

Магија ќе прави друга
мисли таа и се сети
да немаат тие челад
само така ќе се свети.



=И вистина така беше=

Години се нижат редум
кралицата пород нема
смеата почна да гасне
набрзо сосем ја снема.

Кралицата едно утро
на масата писмо гледа
од татко и принцот Смејко
а во него два - три реда.

„Смеењето многу важи
најдобриот тоа е лек
ќе победиш со смеење
секакво зло на овој век.“

Мислата и летна назад
кога дојде тука прв пат
пред неа слика се створи
малечко џуџе - кралот млад.

Се присети каков беше
се смееше силно, гласно
влезе кралот и се чуди
зошто смеа - не е јасно.





Од смеење течат солзи,
па се труди да му кажез
зошто слатко си се смее
па му призна - не ќе лаже.

Кралот малку се навреди
што му текна тоа сега,
па и него без да сака
во гради смеа го стега.

Прегрнати излегоа
со насмевка кралот збори
кажете им на сите в час
сакам смеа да се ори.

Не потраа многу долго
кралицата сон си сони
ќе си роди машко дете!
кажува и солзи рони.

Но Веселко да го крсти
тоа мора да го вети
тоа име ќе го брани
од волшебства лоши клети.

=И вистина така беше=



И се роди машко дете
низ земјата се расчу глас
го крстија ко што вети
а тоа дете си бев јас.

Кога слушна злата вила
за името мое свето
не издржа, бесот врие
па срце и пукна клето.

Се израдува татко ми
и мојата мила мајка
што сѐ се заврши среќно
ко в прекрасна, детска бајка.

Велат уште ко се родив
со очите везден шарав
горе, долу, лево, десно
нешто вредно ко да барав.

Немав уште две години
крај татко ми везден седев
зошто, како или колку?
сал прашања разни редев.



Штом на едно одговори
друго веднаш на ред иде
се чудеше - ова дете
што ли од него ќе биде.

Беше доцна , една вечер
јас прашања уште редам
„на спиење“- рече татко
не попуштам уште седам.

Подразмисли мојот татко
на таван тогаш се качи
врз грб слезе полна торба
и торбата ми ја врачи.

А во неа што ќе видам
книги - големи и мали
ги отвора сите редум
и секоја ми ја фали.

„- Кога сакаш се да знаеш
сам ќе мора да се снајдеш
на прашања твои многу
одговор ти сам ќе најдеш.“





„-Во книгиве сé пишува
затоа ти ги дарувам
да научиш ти да читаш
јас од тебе побарувам.“

= И вистина така беше=

Не помина долго време
научив да читам вешто
ги прочитав сите книги
читав редум, се и сешто.

Читав дење, читав ноќе
кога играв, кога јадев
за убава добра книга
се што имав, јас ќе дадев.

И години врват така
за знаење ситка немав
на прашања - одговори
дење - ноќе, учев, спремав.

Во кралството глас се расчу
за Веселко нема тајни
се што сака тој дознава
од книгите свои знајни.



Во кралството сите зборат
Веселко ќе стане славен
никој уште не се родил
во знаење да е главен.

Беше сјајно, топло утро
ме повика мојот татко
и ми рече: „-Гордост моја
сезнајко си - дете слатко.“

И мајка ми тивко збори
твојот татко има право
сезнајко си дете мое
да си живо, да си здраво.

Од денеска, па натаму
ќе се викаш така дете
ако сакаш и Веселко
задржи ги сине двете.

=И вистина така беше=

А јас скромно веднев глава
и му велев - „ Не знам се баш
уште треба јас да учам
ме фалите зошто сум ваш.



-„До вас имам една молба:
за Сезнајко јас да бидам
сакам веднаш да заминам
морам светот да го видам.

Мајка ми ме зеде в преграб
а татко ми гледа тажно
-„Пред да тргниш послушај ме
ќе ти кажам нешто важно.“

Надвор не е како дома
дал ќе можеш да се снајдиш
кај да одиш кај да бидиш
пријатели да си најдиш.

Мама вели: -„Имам совет
запамети мило чедо
пред години многу дамна
ми го кажа твојот дедо.

Смеењето многу важи
најдобриот тоа е лек
ќе победиш со смеење
секакво зло на овој век.“

=И вистина така беше=



Разделбата беше тешка
в душа печи бол и јад
се поздравив со моите
на далечен тргнав пат.

Пропатував многу земји
од секаде ука земав
ќе пројдеше едно време
повторно на пат се спремав.

Кај да одев нешто учев
ги знам сите стари сказни
поговорки и гатанки
приказни и басни разни.

Штом тежина за дом сетев
во душава тага печи
ќе се смеев долго, долго
вистина е - тоа лечи.

Советите што ги добив
со нив нова сила ковам
на пат повторно ќе тргнев
за знаење пак да ловам.



Ете така патувајки
стигнав лани дури тука
кога видов игротека
почна срце да ми чука.

Видов деца разиграни
и весело распеани
од очи сонце им блика
сите редум насмеани.

Дури патував низ светот
со дечиња сум бил често
верувајте не сум видел
поубаво од ова место.

И затоа решив веднаш
да останам в игротека
за во неа дом да имам
и постела топла, мека.

= И вистина така беше=

Знењето крај свој нема
на моите абер им пратив
Сезнајко е само име
нема таков - сега сфатив.



Со дечиња си се дружам
им кажувам стари сказни
поговорки и гатанки
и приказни, басни разни.

И театарче си имам
жителчиња - кукли разни
да не бидат приказните
оголени, штури, празни.

Кој што сака да ги чуе
нека дојди, да не чека
ги канам јас сите деца
во нашата игротека.

Цело време дур сте тука
ќе играме, ќе пееме,
но најважно од се е
слатко да се смееме.

Ете сега си знаете
од каде сум, од кај идам
зошто душава ми сака
со вас секогаш да бидам.



*Издава*
Херакли - Ко,мерц - Битола

*Лектор*
Милица Радевска

*Печат и дизајн*
Херакли - Комерц - Битола

CIP - Каталогизација во публикација
Матична и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Битола

821.163.3 (02.053.2) - 18

**КОЖИНКОВСКА, Зора**
Сезнајко во игротека / Зора Кожинковска. - Битола : Херакли комерц, 2007. - 20 стр. : илустр. ; 29см

ISBN 9989 - 252 - 91 - 9

COBISS.MK-ИД 17944385

***Потпомогнато од дооел ИНТЕРПРОМ - Битола;***
***Игротека БАМБИ***